*С. НИКОЛОВСКА, И. ДВОЈАКОВ, Е. БОЈАЏИЕВСКА*

# УЛОГАТА НА ЛЕКАРОТ ВО ДЕТЕКЦИЈАТА НА ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ, ВО ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ УСТАНОВИ

## *Увод*

Предучилишните установи-градинки, претставуваат организации што обезбедуваат престој на деца од предучилишна возраст. За време на престојот во нив, предучилишните установи обезбедуваат нега, исхрана, воспитување, образование и здравствена заштита на децата што поминуваат по осум и повеќе часови дневно. За извршување на овие сите дејности, во градинките се вработени стручни лица од разни профили. Лекарот во предучилишните установи е носител на здравствената дејност и негова основна задача и цел е да дејствува превентивно за зачувувањето и унапредувањето на здравјето на децата.

## *Цел*

Целта на трудот е да се прикаже работата на лекарот во градинките кој преку редовните систематски прегледи го следат растот и развојот на децата, а со тоа се откриваат и оние деца што отстапуваат во својот развој.

## *Материјал и методи*

Опфатени се 980 деца од седум градинки во Општина Кисела Вода Скопје, на што се извршени по два систематски прегледа годишно, во текот на пет години од 1990 год. до 1995 год. Во склоп на систематските прегледи беа опфатени и регистрирани во здравствените картони што ги поседува секое дете, следните податоци:

- **Извршени вакцинации;**
- **Антропометриски испитувања;**
- **Прегледи по системи;**
- **Инфективни заболувања.**

Наш интерес беше да откриеме и да прикажеме, дали има деца што отстапуваат од нормалниот развој и ако има, што пречки се тоа и на која возрасна група и припаѓаат.

### *Резултати и дискусија*

Резултатите можат да се видат од следната табела:

Табела 1. ***Преглед на откриени деца со пречки во развојот според возраста и видот на попреченоста.***

| | ВИД НА ПРЕЧКИ | ВОЗРАСТ | | | | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1-2) год. | (2-4) год. | (4-6) год | над 6 год. | | |
| 1 | Пречки во слухот | | | | | 0 | 0 |
| 2 | Пречки во видот | 8 | 18 | 13 | 10 | 49 | 5 |
| 3 | Пречки во говорот | | 5 | 30 | 7 | 42 | 42 |
| 4 | Телесен инвалидитет | | | | | 0 | 0 |
| 5 | DYSRHYTMIO CEREBRI | | 2 | 4 | 8 | 14 | 14 |

**Од табелата се гледа дека децата се поделени по возрасни групи и тоа:**

- **Група на деца на возраст од 1 до 2 години;**
- **Група на деца на возраст од 2 до 4 години;**
- **Група на деца на возраст од 4 до 6 години;**
- **Група на деца на возраст над 6 години.**

Според видот на пречките прикажани се следните групи:

- **Деца со пречки во слухот;**
- **Деца со пречки во видот;**
- **Деца со пречки во говорот;**
- **Телесен инвалидитет;**
- **Деца со дисритмио церебри-dysrhytmio cerebri;**
- **Деца со прележани инфективни заболувања-менингитис акута.**

Од резултатите се гледа дека деца што се глуви и наглуви не се најдени (откриени).

Со пречки во говорот се нотирани деца со дислалии, спазмолалии, дислексии и други растројства во говорот.

Како отстапување во видот ги наведуваме случаите на нистагмус и страбизмус. Слабовиди и слепи деца не беа најдени.

Деца со телесни инвалидитет немаше.

Беа евендитирани деца што во нивната анамнеза имаа податоци за дисритмио церебри.

Како ризична група со пречки во развојот ги евидентиравме и децата што имаа прележано (MENINGITIS AKUTA)-добиен при земање на анамнеза или како што има случаи на ова заболување во неколку детски градинки што може да се види од прикажаната табела 1.

Од горенаведените резултати се гледа дека децата со пречки во видот се на прво место со 5% учество во целокупниот број на деца со пречки. На второ место се застапени децата со пречки во говорот со 4%, на трето место се наоѓаат групата деца што прележале (MENINGITIS AKUTA) и тоа со 2%, а на четврто место со 1.4% се групата на деца со (DYSRHTMIO CEREBRI).

Сите овие деца беа упатени во “Развојното советувалиште Битпазар” за понатамошна евалуација.

Сите горенаведени пречки во развојот беа од полесен степен. Тешки растројства во развојот со детекција не беа најдени. Ова е логично заради фактот што еден од условите за престој во градинкита е да детето при упис мора да го исполнува условот да биде психички и физички здраво.

### *Заклучок*

Тргнувајќи од фактот дека секое дете има право да се воспитува и образува на своето сопствено ниво, со прикладни, соодветни методи и средства односно во определени услови, се поставува прашањето, зошто предучилишните установи се отворени само за децата што се психички и физички здрави, т.е. со нормален развој. Нема никакво оправдување да не се вклучуваат деца со пречки во развојот особено оние полесните во редовните градинки. Тоа е спротивно на Декларацијата за правата на децата на ООН како и на сите цивилизациски придобивки во денешно време.

*S. NIKOLOVSKA, I. DVOJAKOV, E. BOJADZIEVA*

## THE ROLE OF THE DOCTOR IN DETECTION OF CHILDREN WITH DEVELOPMENTAL DIFFICULTIES IN PRESCHOOL INSTITUTIONS

The aim of this paper is to show one part of the work of doctors in kindergarten, which is connected with detection of children that have deviations, their psychophysical development. This deviation could be detected during the regular systematic medical examinations.

Using their own experience and documentation from medical cards, in this paper are elaborated the number of detected children with developmental difficulties matched with age and the level and kind of developmental difficulties.